Врз основа на член 63, од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М.“ бр. 32/20 и 111/23). член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21), по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 05.07.2024 година донесе

**О Д Л У К А**

**за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 1.1, од ЛУПД за објекти со намена Г2-Лесна и незагадувачка индустрија, на КП 1879, КП 1880 и КП 1881/1, КО Оризари-вгр, Општина Велес**

**Член 1**

Се утврдува Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 1.1, од ЛУПД за објекти со намена Г2-Лесна и незагадувачка индустрија, на КП 1879, КП 1880 и КП 1881/1, КО Оризари-вгр, Општина Велес, со вкупна површина од 16497 м².

**Член 2**

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на Општина Велес, со Решение бр.08-2232/1 од 05.05.2023 година, согласно член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Р.С.М.“ бр. 32/20 и 111/23), даде стручно мислење за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 1.1, од ЛУПД за објекти со намена Г2-Лесна и незагадувачка индустрија, на КП 1879, КП 1880 и КП 1881/1, КО Оризари-вгр, Општина Велес, донесен со Решение бр.1310-22 од 12.09.2022, изработен од Друштво за проектирање, трговија и инженеринг УРБАН ПРОЕКТИНГ ДООЕЛ Велес, со тех бр 13/23 од Декември 2023 година, ревидиран од МАРИО-КОМЕРЦ ДООЕЛ Скопје, со тех.бр. 311/23 од Декември 2023 год.

**Член 3**

Оваа Одлука е составен дел на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП 1.1, од ЛУПД за објекти со намена Г2-Лесна и незагадувачка индустрија, на КП 1879, КП 1880 и КП 1881/1, КО Оризари-вгр, Општина Велес.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски

Број 25-2823/25
08.07.2024 година
В е л е с

Доставено до:
- Градоначалник;
- Одделение за урбанизам и
- Списи и архива.